# ПРОТОКОЛ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И ИЗВЕДУВАЊЕ НА НАТПРЕВАРИ НА УЧЕНИЦИТЕ ПО ГЕОГРАФИЈА НА ДРЖАВНО НИВО ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ, ВО УСЛОВИ НА ПАНДЕМИЈА

1. При пристигнувањето на местото на реализација (пред платото на УТМС) да нема групирање на учесниците и нивните пратители.
2. Секој учесник по 10:30 ќе биде повикан и спроведен до просторијата за реализација на натпреварот.
3. На местото каде што ќе се одржува натпреварот се овозможува влез само на учениците кои се учесници на натпреварот.
4. При влегување во просториите каде се одржуваат натпреварите се врши мерење на температурата на секој ученик и учесник на натпреварот, како и дезинфекција на рацете.
5. Во просториите каде ќе се изведуваат натпреварите потребно е да се почитуваат протоколите за санитарно-хигиенски услови во време на пандемија.
6. Натпреварот се реализира во групи и при тоа во една група на натпреварувачи во иста просторија може да присуствуваат најмногу до 10 ученици, освен во амфитеатарот на УТМС.
7. Учениците се спроведуваат до просторијата каде што се одржува натпреварот од страна на назначено лице од организаторите на натпреварот, без непотребно задржување во ходниците или заедничкиот простор во објектот.
8. За цело времетраење на натпреварот сите присутни задолжително носат маска/прекривка.
9. Во секоја просторија каде што се одржуваат натпреварите се поставуваат дезинфекциски средства.
10. Се забранува поздравување со физички контакт.
11. Задолжително е одржување на физичко растојание помеѓу сите присутни на натпреварот од најмалку од 1,5 метри.
12. Просториите во кои се одржува натпреварот се проветруваат или доколку овозможуваат временските услови се остава отворен прозорец.
13. По завршување на натпреварот учениците да го напуштаат просторот движејќи се по означените насоки на движење.
14. Натпреварот ќе се одвива според Правилникот и Пропозициите за организирање и реализирање на натпревари за ученици од Основните Училишта.
15. При организирање на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво во основното образование во услови на пандемија, освен овој протокол важи и Протоколот за постапување на основните училишта во Република Северна Македонија за реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците и строго да се почитуваат пропишаните превентивни мерки.
16. Грижата за пристигнување и одење на учесниците (учениците) не е во надлежност на организаторот
17. Доделувањето на дипломите ќе се одржи во Амфитеатарот на УТМС по завршувањето на натпреварите и објавувањето на официјалната ранг листа, со почитување на Протоколот за работа во услови на Covid-19 пандемијата.